не е потребно тие да бидат опширни, но сепак, потребно е барем да се добие слика за развојот на римската култура. И за ова прашање има неколку кратки информации кога се обработува животот на некој цар, но сепак, тоа не е доволно.

Цениме дека треба да се искоментира уште еден став на авторката. Имено, таа и владетелите по Август ги нарекува принкепси. Навистина, номинално и самите владетели се нарекуваат така, но разликата меѓу начинот на кој владеел Август и на оној на неговите наследници е очигледна и суштествена. Август е во вистинска смисла на зборот принкепс - првенец на сенатот, негов водач и советник, неговата власт се заснова врз републиканските традиции. Принкипатот на Август претставува преоден облик на владеење меѓу републиканскиот систем и оној на наследниците на Август - монархискиот, кога републиканските традиции сè повеќе се губат, а власта на владетелот станува сè поголема. Очигледно е дека авторката цени дека номиналниот назив е позначаен, што и не може да се рече дека не е правилно, но секако, е дискутабилно.

Како и да е, станува збор за една сериозна и добра книга која претставува пријатно освежување во однос на досегашните учебници по историјата на Рим, кои барем кај нас се достапни. Искажаните забелешки, сепак, се последица на концептот на авторката - концепт со кој можеме да се сложиме или не, но во секој случај мора да признаеме дека е успешно и доследно спроведен низ целата книга. Стилот е јасен и едноставен, што е голем плус бидејќи го олеснува користењето на книгата. Искрено ја препорачуваме оваа книга, која ќе им биде од голема помош првенствено на студентите, но и на сите оние што ја изучуваат историјата на Рим.

Стефан ПАНОВСКИ

## Далибор Јовановски, Грчката балканска политика и Македонија (1830-1881), Bato & Divajn Corporation Graphic Center, 2005, 231.

Македонското секојдневие од осамостојувањето на државата во 1991 година до денес, константно е обременото со проблеми наметнати од вековните соседи. Гледано од аголот на долготрајност и настојчивост на антимакедонското дејствување, најнегативни последици македонската држава, но и македонскиот народ, преживуваат од јужниот сосед, Република Грција. Нејзиниот интерес за постојано провоцирање проблеми во својство на долгогодишно европско „галениче“ се состои во прикривањето на фактот што 51% од македонската територија од 1913 г. до денес се наоѓа во составот на Р. Грција. Фрлањето пепел во очи на европската јавност со децении вродува плод, така што и покрај неспорноста на вистината која поткрепена со научните аргументи секогаш говори за грчкото насилство врз македонското население во Егејска Македонија, статусот на „галениче“ е посилен и повреден за демократска Европа.

Сепак, македонскиот научен кадар, макотрпно собира материјали за аргументирано претставување на односот на грчката политика кон Македонија и македонскиот народ. Драгоцен дел од сложувалката наречена македонска историја, а во контекст на македонско-грчките односи низ историјата претставува монографијата „Грчката балканска политика и Македонија (1830-1881)" од д-р Далибор Јовановски.

Во овој труд авторот хронолошки ги следи случувањата во грчкото општество од 3 февруари 1830 година т.е. од осамостојувањето на грчката држава, во врска со Македонија. Притоа, се анализира потребата на грчката политика за создавање јавно мислење за коректна надворешна политика кон соседите и големите сили. Во тој контекст, авторот забележува дека македонската територија постојано била сметана за територија „која во иднина требало да влезе во составот на зголемената држава... Привлечноста на Македонија за Грците била логична. Малото грчко кралство не располагало со големи економски ресурси кои би ги задоволиле потребите на населението". Така, македонските големи и плодни полиња биле крајната цел на грчката дипломатска активност во долга низа години, бидејќи насилното завладување на туѓа територија требало да биде добро „објаснето" кај менторите. Воведувајќи го читателот во активностите на грчката политика за остварување на таа цел, авторот ги бележи почетоците на организирањето, зацврстувањето и првите дипломатски активности на грчката држава во периодот од 1830 до 1848 година. Притоа, се разгледуваат билатералните односи на Грција со Бугарија, Србија, но и со големите сили. Посебен акцент е ставен на грчкиот ангажман во Македонија, која во тој период била во составот на Османската империја. Таму биле испраќни привржаници на елинизмот како учители, со задача да се организира училишна работа со македонски деца во духот на елинизмот. Како куриозитет, кој може да се актуелизира во врска со Македонската православна црква, е податокот кој го среќаваме во книгата, дека „ ... со декрет од регентството од 23 јули/4 август 1833 година било прогласено создавањето на Грчката афтокефална православна црква, а тоа било сторено без одобрување на Цариградската патријаршија".

Во овој труд е даден и аналитички приказ на активноста на Грција во Кримската војна која ја водела со Османската империја во периодот од 1853 до 1856 година. Сите желби за остварување на мегали - идејата, протежирана од високите грчки кругови пропаднале. Напротив, Грција со создавањето на меѓународната финансиска комисија била ставена под целосна странска контрола во финансиите, економијата и администрацијата. На тој начин, „... обидот на Грција да профитира од несогласувањата меѓу Франција, Англија од една и Русија од друга страна, држави што и помогнале на Грција да се најде на географската и политичката карта, се покажал како неплоден и понижувачки".

Натамошниот „живот" на мегали - идејата продолжувал и за време на владеењето на Отон (до октомври 1862 год.), но и за време на тројното владеење на Константинос Канарис, Димитриос Вулгарис и Венизелос Ру-

фос. Нов момент во грчката политика било доаѓањето на англискиот принц Алфред на чело на државата. Сепак, односот на Грција кон македонското прашање не се менувал. Напротив, се интензивирала работата на грчката пропаганда преку влашките мисионери и учители во Македонија, додека грчките конзули настојчиво ги кодошеле македонските преродбеници и национални дејци кај османските власти, иако со нив не биле во добри односи.

Врз грчката надворешна политика на Балканот особено влијание имало и Критското востание, по кое била спроведувана политика на приближување кон османската држава.

На меѓународен план, грчката политика била променлива, зависно од интересите на нејзините ментори. Токму затоа, д-р Јовановски грчката политика на неутралност ја карактеризира како политика на исчекување. Бурните политички промени на Балканот за време на Берлинскиот конгрес, грчката политика ќе се обиде да го искористи за промовирање на т.н. грчко прашање. Благодарение на четите испраќани на територијата на Османската империја, кое грчката политика секогаш го злоупотребувала, кон крајот на 19. век, започнале грчко-османските преговори за исправка на границата, така што Грците ги добиле цела Тесалија и дел од Епир. Тоа било првото грчко територијално проширување на Балканот.

Завршувајќи го нашето претставување на книгата „Грчката балканска политика и Македонија (1830-1881)“ од д-р Далибор Јовановски, слободни сме да кажеме дека претставува вистинско задоволство да се прочита, но и од неа да се исползуваат автентични сознанија, кои нам несебично ни ги става на располагање авторот на овој исклучителен труд.

Катерина ТОДОРОСКА

## **Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја* (прв дел), „Макавеј“, Скопје, 2005, 283**

Во текот на 2005 година од печат излезе Монографијата „Репресијата и репресираните во најновата македонска историја“ (прв дел) од авторите д-р Виолета Ачкоска и м-р Никола Жежов, во издание на издавачката куќа „Макавеј“ од Скопје. Трудот ја разработува темата на репресијата како дел од комплексната историја на македонскиот народ во периодот на најновата историја. Притоа, како што нагласиле и самите автори, оваа тема не претставува само тема од историографски интерес, туку може да се разгледува и од психолошки, социјално-психолошки, социолошки и поширок општествен аспект, како појава и начини преку кои властите во повеќе временски периоди и различни општествени услови ја наметнувале својата волја и политички интереси.

Во книгата се опфатени настани и појави кои се однесуваат на